[redacted] со

Здружение за развој
XXXXXXXXXXXXXXXXXXX
Бр. 0302-13/3
24.02 2021 год.
СКОПЈЕ

**Предмет: Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Почитувани,

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:- Заради спроведување на анализа за тековната состојба во институциите на јавниот сектор, Ве молиме да ни ги доставите следните податоци:

**1. Ве молиме наведете го бројот на членови на управниот и надзорниот одбор:**

| | | |
|---|---|---|
| А) Членови на управен одбор (УО) | Впишете број: ___________ | Од нив, вкупно мажи: ___________<br>односно вкупно жени: ___________ |
| Б) Членови на надзорен одбор (НО) | Впишете број: ___________ | Од нив, вкупно мажи: ___________<br>односно вкупно жени: ___________ |

**2. Ве молиме пополнете ја табелата според етничката припадност и степенот на образование на членовите на управниот и надзорниот одбор со впишување на соодветниот број:**

| **За членовите на управниот одбор (впишете вкупен број на членови)** | | **За членовите на надзорниот одбор (впишете вкупен број на членови)** | |
|---|---|---|---|
| Етничка припадност: | Степен на образование: | Етничка припадност: | Степен на образование |
| Македонци/ки ____<br>Албанци/ки____<br>Турци/чинки____<br>Роми/ки ____<br>Срби/ки ____<br>Босанци/ки ____<br>Власи/инки ____<br>Други ____ | Основно образование ____<br>Средно образование ____<br>Вишо образование ____<br>Високо образование ____<br>Пост дипломски ____ | Македонци/ки ____<br>Албанци/ки____<br>Турци/чинки____<br>Роми/ки ____<br>Срби/ки ____<br>Босанци/ки ____<br>Власи/инки ____<br>Други ____ | Основно образование ____<br>Средно образование ____<br>Вишо образование____<br>Високо образование ____<br>Пост дипломски ____ |

**3. Ве молиме да посочите на кој начин ги исплаќате членовите на УО и/или НО:**

а) Членовите добиваат месечен надомест

б) Членовите добиваат надомест за одржана седница

в) И двете

**4. Ве молиме да ни доставите информација за висината на паричниот надомест кој го добива секој член од управниот односно надзорниот одбор:**

| | | | |
|---|---|---|---|
| А) За член на управен одбор | Впишете го месечниот надомест (доколку го има): ___________ | Впишете висина на надомест по седница (доколку се исплатува): ___________ | Вкупен број на седници на УО за:<br>2020 година _______<br>2019 година _______<br>2018 година _______ |
| Б) За член на надзорен одбор | Впишете го месечниот надомест (доколку го има): ___________ | Впишете висина на надомест по седница (доколку се исплатува): ___________ | Вкупен број на седници на НО за:<br>2020 година _______<br>2019 година _______<br>2018 година _______ |

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА-ФИЛМСКИ ЦЕНТАР ВАРДАР ФИЛМ
INSTITUCIONI NACIONAL-QENDRA FILMIKE VARDAR FILM
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: E pranuar: | 01.03.2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj. org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| 03 | 81/3 | | |

[redacted]

**5. Ве молиме назначете на колку години се врши изборот на членовите на Управниот одбор:**

а) четири години без право на реизбор

б) четири години со право на реизбор

в) друго ___________________________________

**6. Кои и какви критериуми имате воспоставено за избор на членовите на управен и надзорен одбор? Ве молиме наведете ги поединечно критериумите за избор (пр. години искуство, образование и сл);**

_____________________________________________________________________________

_____________________________________________________________________________

**7. Ве молиме наведете како се врши изборот на членови на управен одбор и надзорен одбор? Доколку има соодветна регулатива, упатете не на соодветниот документ (или доставете го во прилог);**

_____________________________________________________________________________

**8. Ве молам наведете го износот на плата на раководното лице на вашата институција (директор, заменик директор, претседател, заменик претседател итн) и наведете го износот на плата и начинот на пресметка на платата**

Пр. директор:

_____________________________________________________________________________

Заменик директор:

_____________________________________________________________________________

| **Форма во која се бара информацијата:** | **Начин на доставување на информацијата:** |
| --- | --- |
| - а) увид<br>- б) препис<br>- в) фотокопија<br>- г) електронски запис<br>- д) друго (испраќање на информации) | - а) по пошта (ул. Рајко Жинзифов бр.44-1 Скопје)<br>- б) телефон<br>- в) факс<br>- **г) е-маил**<br>- д) друго------------------------------------------------ |

**Барател на информацијата:**

Центар за управување со промени,

ул. Рајко Жинзифов бр.44-1 Скопје

е-пошта: xxxxxxxxxxxxxxxxxxxxxx

тел.: 02 6092-216

Скопје

Датум: 24.02.2021

Овластено лице:

xxxxXxxxxxxXxxxxxxxx

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА-ФИЛМСКИ ЦЕНТАР ВАРДАР ФИЛМ
INSTITUCIONI NACIONAL-QENDRA FILMIKE VARDAR FILM

Бр.-Nr. 03-78/3
19.03 2021 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

Врз основа на член 28 став 1 точка 8 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, и 11/18) и член 12 став 2 алинеја 17 од Статутот на Националната установа Филмски центар Вардар филм Скопје, а согласно член 17 став 3 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл. весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19), в.д. директорот на Националната установа Филмски центар Вардар филм Скопје, донесе:

## РЕШЕНИЕ

*за отфрлање на барање за пристап до информации од јавен карактер*

1. Барањето за пристап до информации од јавен карактер бр. 03-81/3 од 01.03.2021 година, поднесено од Здружение за развој [redacted] СЕ ОТФРЛА.

2. Ова Решение стапува на сила на денот на неговото донесување.

## *Образложение*

Здружението за развој Центар за управување со промени, во електронска форма до Националната установа Филмски центар Вардар филм Скопје достави барање за слободен пристап до информации од јавен карактер. Барањето е архивски заверено во Националната установа Филмски центар Вардар филм Скопје под бр. 03-81/3 од 01.03.2021 година.

Националната установа Филмски центар Вардар филм Скопје, постапи по барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер бр. 03-81/3 од 01.03.2021 година, со кое барателот Здружението за развој Центар [redacted] бара да му се овозможи пристап до информација:

- *Наведете го бројот на членови на Управниот одбор*
- *Пополнете ја табелата според етничката припадност и степенот на обрзавовани на членовите на Управниот одбор*
- *На кој начин ги исплаќате членовите на Управниот одбор*
- *Висина на надоместок кој го добива секој член на Управниот одбор*
- *На колку години се врши изборот на членовите на Управниот одбор*
- *Кои и какви критериуми имате воспоставено за избор на членовите на Управниот одбор и Надзорниото одбор*
- *Како се врши изборот на Управниот одбор и Надзорниото одбор*
- *Износот на плата на раководното лице на Вардра фил Скопје и начинот на пресметка*

Доставеното барање бр. 03-81/3 од 01.03.2021 година од [redacted] не е во согласност со член 16 став 4 од Законот за слободен пристап до информации од јавен каракетер, заради што Националната установа Филмски центар Вардар филм Скопје како имател на информации, не може да постапува по истото.

Врз основа на член 17 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен каракетер, ако барањето е непотполно и поради тоа имателот на информацијата не може да постапува, тој ќе побара од барателот на информацијата да го дополни барањето, со укажување на последиците ако тоа не го направи. Барателот е должен да го дополни барањето во рок од три дена од денот на известувањето за потребата од дополнување на барањето, односно во рок од три дена од денот на приемот на известувањето за потребата од дополнување на барањето.

Барателот на информации на ден 04.03.2021 година по електронски пат е известен за потребата од дополнување на барањето бр. 03-81/3 од 01.03.2021 година, во рок од три дена од денот на приемот на известувањето, со укажување на последиците во случај на не постапување по истото. Брателот во дадениот рок не даде дополнително појаснување на барањето бр. 03-81/3 од 01.03.2021 година.

Согласно член 17 став 3 од Законот за слободен пристап до информации од јавен каракетер, ако барателот не постапи согласно известувањето за потребата од дополнување на барањето, имателот на информацијата со решение ќе го отфрли барањето.

Согласно горенаведеното в.д. директорот одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука:** Против ова Решение барателот има право на жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Решението.

**Службено лице за посредување**
**со информации од јавен карактер**

Ивона Петкова

**в.д. Директор**

Марија Јовановска

Доставено до:
- Бартелот
- Архива